ИПА
Компонента IV

**ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА**

**Јавен повик за доделување на неповратни средства (грантови)**

**ВРАБОТУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛОКАЛНО НИВО**

**EuropeAid/136315/ID/ACT/MK**

Секторот за централно финансирање и склучување договори во Министерството за финансии, објави повик за доделување на неповратни средства (грантови) за предлог проекти во следниве области:

- Поттикнување на социјалното вклучување на лицата во неповолна положба на пазарот на трудот
- Вклучување на Ромите на пазарот на трудот

Повикот е отворен за невладините организации, јавните установи и др. организации од јавниот сектор (со исклучок на органите на управата), единиците на локалната самоуправа, социјалните партнери (асоцијациите на работодавачи, асоцијациите на работници, комори), установите за обука и меѓународните организации кои ги исполнуваат условите опишани во повикот.

Секторот за централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Делегацијата на Европската унија ги поканува на информативна сесија организациите заинтересирани за горенаведениот повик. Информативната сесија ќе се одржи во:

**СКОПЈЕ**
**5 ноември 2014 (среда), 11.00 ч.**
**ЕУ Инфо центар**
**Св. Кирил и Методиј 52-б, 1000 Скопје**

Програма на информативната сесија:

- Цели и приоритети на повикот
- Процедурални и договорни аспекти на повикот
- Прашања и одговори

Информативната сесија се одржува на македонски јазик.

Сите информации и документи за повикот, се достапни на веб страницата на Секторот за централно финансирање и склучување договори http://cfcd.finance.gov.mk.